**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 26.9.2017 година**

**Скопје, септември 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 26.9.2017 година**

Седницата започна во 13:05 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Миладиновска Пејчиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура и Власте Димковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии, Горан Давидовски, претставник од Бирото за јавни набавки, Гајур Кадриу, директор на ЈП „Македонијапат“ - Скопје (в.к.в), Тодорче Николовски, директор на ЈП „ХС Златовица“ - Пробиштип (в.к.в), Миѓен Селмани, член на Управен одбор на АД „М-НАВ“ - Скопје, Адем Цури и Тамара Касапинова, претставници од Ревизорското тело за ревизија на инструментот на претпристапна помош, Зоран Атанасов, директор на Агенцијата за храна и ветеринарство, Фатон Асани, директор на Агенцијата за управување со одземен имот, Саша Јовановски и Ружица Арсова, претставници од Македонски железници, Транспорт - Скопје и Златко Николовски, нотар.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 26-та седница на Владата, одржана на 5.9.2017 година

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за прогресот на активностите од проектот „Посета на компании“ кои имаат проблем во постапката за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост и за остварените средби со физички и правни лица за проблеми од имотно-правен карактер, со прилози

2. Извештај за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки во 2016 година

3. Финансиски извештај за работењето на ЈП „Македонијапат“ - Скопје, за периодот 1.4. - 30.6.2017 година, со дополнување

4. Годишна сметка за 2016 година на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип, Извештај за работењето на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип во 2016 година и Извештај од независниот ревизор, со дополнување и Предлог-одлуки

5. Годишен извештај за работата на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација за 2016 година, со Извештај од независен ревизор и Предлог-одлуки

6. Тримесечен извештај за работењето на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, за период јануари - март 2017 година

7. Информација со финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2016 година на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и Извештај на независниот ревизор

8. Информација во однос на контролата на додатоците во исхраната и здравствените тврдења кои се користат во комерцијални цели при означувањето, презентирањето и рекламирањето на храната

9. Предлог-одлуки за давање согласност за отстапување на одземени предмети (25 моторни возила и разен алат) со правосилни пресуди/одлуки на државни органи и Предлог-одлуки за давање согласност за престанување на важењето на одлуките за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди на државни органи

**б) економски систем и тековна економска политика**

10. Информација за членството на Република Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД

11. Информација за финансирање на проектот за изградба на Пречистителна станица за отпадни води за Градот Скопје

12. Информација за предметите - елаборати за проценка на штети од елементарни и други непогоди кои се однесуваат за штетите настанати од ниските температури - мраз, град и поплави во 2015, 2016 и 2017 година процесирани според Закон за заштита и спасување, со Акциски план

13. Информација за донесување одлука за назначување на Национален комитет за олеснување на трговијата, формиран согласно обврската од Спогодбата за олеснување на трговијата на Светската трговска организација, со Предлог-одлука

14. Информација во врска со донесување на решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за категоризација на угостителски објекти, со Предлог-решение

15. Информација во врска со потпишување на Меморандум за разбирање со Акциски план со кој се врши дополнување на Иницијативата за централно и југоисточно европско поврзување (CESEC) со заеднички пристап кон пазарот на електрична енергија, енергетската ефикасност и обновливиот развој, со усогласен текст на Меморандум

16. Информација во врска со Барањето на Фени индустри АД Кавадарци за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - железно никлоносна руда на локалитетот „Ржаново“, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

**в) политички систем**

17. Информација за соработката на Народна Република Кина со земјите од Централна и Источна Европа (Процес 16+1), со преглед на активностите на Република Македонија

18. Информација за правосилност на една одлука на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Смилкова и Цуцковска против Република Македонија, со Предлог-одлука

19. Информација за подготовката на 14-от состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Македонија, кој ќе се одржи на 17 октомври 2017 година во Скопје

**г) човечки ресурски и одржлив развој**

**Б. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

20. Предлог-одлука за укинување на увозната давачка - царинската стапка за електрични акумулатори литиум-јонски

21. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесии за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини

22. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - кварцити на Друштвото за производство, трговија и услуги „Кварц Комерц“ извоз-увоз Лазар ДООЕЛ с. Кумарино, Велес на локалитетот „Грамади“, кај с. Оморани, општина Чашка

23. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ - Скопје

24. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Здружението за рурален развој на село Туденце, с.Туденце, Јегуновце

25. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Здружението за помош, изградба и обнова на цркви и манастири храм „Свети Архангел Михаил“ - Куманово

**б) политички систем**

26. Барање на Ехсан Абоукхалил, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) човечки ресурски и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

27. Предлог-закон за дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, поднесен од група пратеници

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

28. Иницијатива од градоначалникот на општина Валандово, Николче Чурлиновски, доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво бр. 08-51/1, донесена на седницата на Советот на Општината Валандово, одржана на 3.7.2017 година и на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво бр. 08-54/3, донесена на седницата на Советот на Општина Валандово, одржана на 10.7.2017 година

29. Понуда од нотар Анита Адамчевска од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје, со Имотен лист бр. 65970 за КО Маџари на КП 1125

30. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за купопродажба на идеален дел од недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.68824 за КО Маџари на КП бр.2465

31. Известување од извршител Маја Гркова Караколева именуван за подрачјето на Основните судови Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино за заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13)

**В) ДРУГИ ПРЕДЛОЗИ**

32. Кадровски прашања

33. Прашања и предлози

**Г) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

34. Информација за прифаќање на донација од страна на САД за Армијата на Република Македонија

35. Информација за разгледување на можноста за давање на трајно користење на недвижна ствар - објект на Детското одморалиште „Мајски цвет“ - Струга на Министерството за труд и социјална политика

**Д) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

36. Информација за надминување на состојбата во Друштвото Фабрика за шински возила ВЕЛЕС ДООЕЛ Велес (Колска Велес)

37. Информација за состојбата со постапките за давање согласност односно несогласност на предлог-тарифите за користење авторски музички несценски дела на Здружението за

заштита на авторски музички права „ЗАМП“ - Скопје и на Здружението за заштита на авторски музички права „СОКОМ - МАП“, Скопје

38. Предлог-одлука за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Македонија за учебната 2017/2018 година

39. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје” - Скопје

40. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје” - Скопје

41. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2017 година

42. Информација за именување на стратешки координатор на ИПА компонентите за регионален развој и развој на човечки ресурси во системот на децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската Унија за Република Македонија, со Предлог-решение

43. Информација за статусот на спроведување на проектот „Регистар на население“

44. Информација за потребата од формирање на Меѓуресорска работна група за изготвување и следење на имплементацијата на Планот за реализација на препораките на групата високи експерти за системски прашања од владеење на правото во врска со следењето на комуникациите (2015)

45. Барање на Наташа Цветиќанин за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

*

*　　　*

Владата без забелешки го усвои Записникот од Дваесет и шесттата седница на Владата, одржана на 5.9.2017 година

*

*　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите од проектот „Посета на компании“ кои имаат проблем во постапката за приватизација на градежно земјиште во државна

сопственост и за остварените средби со физички и правни лица за проблеми од имотно-правен карактер, со прилозите, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии-Управа за имотно - правни работи на последната седница на Владата во април 2018 година да достави информација за прогресот на активностите од проектот „Посета на компании” кои имаат проблем во постапката за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост и за остварените средби со физички и правни лица за проблеми од имотно-правен карактер.

**Точка 2**

Владата го разгледа Извештајот за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки во 2016 година, со дополнувањата, како материјал за информирање.

**Точка 3**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на ЈП „Македонијапат“ - Скопје, за периодот 1.4. - 30.6.2017 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 4**

Владата по Годишната сметка за 2016 година на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип, Извештајот за работењето на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип во 2016 година и Извештајот од независниот ревизор, со дополнувањето кон нив и Предлог-одлуки ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип во 2016 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да не ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип искажана во Годишната сметка за 2016 година.

**Точка 5**

Владата го одложи од разгледување Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација за 2016 година, со Извештај од независен ревизор, со Предлог-одлуки за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да достави и Предлог-одлука за зголемување на основната главнина на Друштвото.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за економија, во соработка со Секретаријатот за законодавство да подготви и на некоја од наредните седници на Владата да достави соодветен предлог со кој ќе се регулира дека сите директори на јавни претпријатија, акционерски друштва во државна сопственост, фондови, агенции, установи и други институции, при предлагањето на висината на репрезентацијата за 2018 година во нивните финансиски планови и менаџерски договори ќе мораат репрезентацијата да ја лимитираат, односно ограничат.

Предлогот по неговото усвојување од страна на Владата ќе се достави до сите соодветни институции за постапување.

**Точка 6**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ А.Д Скопје за период јануари - март 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата со Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2016 година на Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и Извештај на независниот ревизор, како материјал за информирање.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата во однос на контролата на додатоците во исхраната и здравствените тврдења кои се користат во комерцијални цели при означувањето, презентирањето и рекламирањето на храната, како материјал за информирање.

**Точка 9**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ УК за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје (пмв комбе Цитроен Џампер ), (нов текст);

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата „Козле" - Скопје (пмв Форд Фокус), (нов текст);

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Здравствен дом - Скопје (пмв Ауди А4), (нов текст);

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (пмв БМВ Х5);

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Државен инспекторат за локална самоуправа (пмв Шкода Рапид);

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за транспорт и врски - Државен инспекторат за градежништво и урбанизам (пмв Мерцедес Ц220);

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје (пмв Пежо 607), (нов текст);

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за информатичко општество и администрација - Државен управен инспекторат (пмв Фолксваген Голф), (нов текст);

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост (пмв БМВ 525), (нов текст);

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за труд и социјална политика (тмв Ивеко Дејли);

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на НУ Македонска опера и балет - Скопје (пмв Фолксваген Бора), (нов текст);

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на НУ Театар комедија - Скопје (пмв Опел Астра), (нов текст);

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Тетово (пмв Цитроен Ц2);

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Фолксваген Фејтон 3.0 ТДИ);

15. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Крајслер Војаџер);

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Фолксваген Пасат вариант);

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Казнено поправен дом Идризово (пмв Опел Зафира);

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈУ Национален парк Маврово Маврови анови (пмв Ауди А6 3.0 ТДИ кватро), (нов текст);

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Дирекција за заштита и спасување (пмв БМВ 530);

20. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Тетово (пмв Пежо 307);

21. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за правда - Управа за извршување на санкциите (пмв Ауди А6), (нов текст);

22. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈУ Национален парк Маврово Маврови анови (пмв Мерцедес Вито);

23. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП Македонски шуми (тмв Мерцедес Спринтер фургон);

24. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП Македонски шуми (тмв влекач Ивеко и приклучно возило Шмиц);

25. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди на ЈП Македонски шуми (моторни пили, секири и друг алат);

26. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ДСУ Спортска академија - Скопје, (нов текст);

27. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за образование и наука, (нов текст) и

28. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Град Скопје, (нов текст), во предложените текстови.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за членството на Република Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД (нов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да ги подмири обврските кои произлегуваат од членството на Република Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД за 2016 година, најдоцна до крајот на ноември 2017 година.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за финансирање на проектот за изградба на Пречистителна станица за отпадни води за Градот Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Владата на Република Македонија ги прифаќа условите содржани во Билатералниот договор за грант во износ од 10,3 милиони евра од ИПА, односно се обврзува на следното:

- најдоцна до 2022 година ќе воспостави структура на тарифите за вода за Скопскиот регион, која ќе ги земе во предвид сегашните и идните трошоци за надградба и одржување на пречистителната станица, водоводната и канализационата мрежа и

- најдоцна до 2020 година ќе склучи договор за градба на Пречистителна станица Скопје.

2. Се задолжува министерот за финансии до крајот на септември 2017 година да ја извести Делегацијата на Европската Унија дека Владата на Република Македонија ги прифаќа условите содржани во Билатералниот договор за грант во износ од 10,3 милиони евра од ИПА, согласно заклучокот под бр. 1, со укажување дека дополнително ќе бидат известени дали изградбата на Пречистителната станица Скопје ќе се одвива фазно.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање до средината на октомври 2017 година да достави до Владата иницијатива за задолжување за проектот „Пречистителна станица за отпадни води Скопје“ и истата согласно член 16 став (2) од Законот за јавен долг да содржи мислење од Министерството за финансии. Иницијативата за задолжување треба да ги содржи следните податоци од изработената Физибилити студија:

- предлог за најсоодветна техничка опција за пречистителната станица со цена за чинење на инвестицијата за истата,

- извори за финансирање на избраната техничка опција,

- временска рамка за изградба на пречистителната станица и

- потребната структура на тарифите за води во Скопскиот регион, со предлог за висината на тарифата на вода, која ќе ја плаќаат физичките и правните лица за инвестицијата да биде одржлива.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за европски прашања да предложат рамковен проект кој ќе се финансира со средства од ИПА 2, што ќе ја изработи потребната техничка и тендерска документација за изградба на пречистителната станица во градот Скопје.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за предметите - елаборати за проценка на штети од елементарни и други непогоди кои се однесуваат за штетите настанати од ниските температури - мраз, град и поплави во 2015, 2016 и 2017 година процесирани според Закон за заштита и спасување, со Акциски план (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои Акцискиот план за постапување по предметите за настанатите штети во периодот 2015-2016 година, кои се процесирани по одредбите од Закон за заштита и спасување.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да формира комисија за прегледување на елаборатите и пријавите за штети, како и утврдување на конечниот список на лица, висината на штетите кои треба да се надоместат, а настанати како резултат од временските непогоди кои ја зафатија Република Македонија во 2015 и 2016 година, процесирани согласно одредбите од Закон за заштита и спасување.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да формира работна група со претставници од Министерството за одбрана и Министерството за финансии за изработка на предлог-измени и дополнувања на Законот за земјоделство и рурален развој, во насока на изменување на член 99 и член 99-в и предлог-измени и дополнувања на Законот за заштита и спасување, во насока на усогласување на постапките за утврдување на штети предизвикани од природни непогоди во областа на земјоделството.

## Точка 13

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување одлука за назначување на Национален комитет за олеснување на трговијата формиран согласно обврската од Спогодбата за олеснување на трговијата на Светската трговска организација, со Предлог-одлука и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за назначување на Национален комитет за олеснување на трговијата.

2. Се задолжува Министерството за економија во рок од пет дена да го нотифицира најновиот текст на Одлуката за назначување на Национален комитет за олеснување на трговијата, во Светската трговска организација преку Министерството за надворешни работи.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за надворешни работи, Министерството за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа, Управа за семе и саден материјал и Државен инспекторат за земјоделство, Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенцијата за лекови и медицинска опрема, Министерството за економија - Државен пазарен инспекторат, а се препорачува на Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Стопанската комора на Северо-западна Македонија, Асоцијацијата на шпедитери МИФА, Асоцијацијата на транспортери МАКАМТРАНС и Асоцијацијата на меѓународен транспорт на патишта АМЕРИТ, во рок од 30 дена со официјален допис до Министерството за економија да номинираат член и заменик член во Комитетот за олеснување на трговијата.

## Точка 14

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со донесување на решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за категоризација на угостителски објекти, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за категоризација на угостителски објекти, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потпишување на Меморандум за разбирање со Акциски план со кој се врши дополнување на Иницијативата за централно и југоисточно европско поврзување (CESEC) со заеднички пристап кон пазарот на електрична енергија, енергетската ефикасност и обновливиот развој, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните најнови заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандум за разбирање со Акциски план со кој се врши дополнување на Иницијативата за централно и југоисточно европско поврзување „CESEC'' со заеднички пристап кон пазарот на електрична енергија, енергетската ефикасност и обновливиот развој.

2. Се овластува државниот секретар на Министерството за економија, во име на Владата на Република Македонија, да го склучи по пат на писмо замена за потпис Меморандумот за разбирање со Акциски план со кој се врши дополнување на Иницијативата за централно и југоисточно европско поврзување „CESEC'' со заеднички пристап кон пазарот на електрична енергија, енергетската ефикасност и обновливиот развој.

3. Се овластува државниот секретар на Министерството за економија, во име на Владата на Република Македонија, да побара од Генералниот Директорат за енергија при Европската Комисија - Оддел за регионални иницијативи, во Акциониот план да бидат вградени проекти за енергетско поврзување со Република Македонија предложени од страна на АД МЕПСО, за што Република Македонија дополнително ќе достави свои проекти во прилог.

4. Се задолжува Министерството за економија да формира работна група составена од претставници на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерство за животна средина и просторно планирање, а по потреба да бидат вклучени и претставници од компаниите од енергетскиот сектор, Регулаторна комисија за енергетика и други институции, со цел во наредниот период во Акциониот план да предлагаат проекти во енергетскиот сектор.

5. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за финансии во рок од седум дена до Министерството за економија да достават номинации на лица за реализација на заклучокот бр.4.

**Точка 16**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со Барањето на Фени индустри АД Кавадарци за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - железно никлоносна руда на локалитетот „Ржаново", Општина Кавадарци, со Предлог-одлука (нов текст), на предлог на предлагачот.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за соработката на Народна Република Кина со земјите од Централна и Источна Европа (Процес 16+1), со преглед на активностите на Република Македонија (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се определува Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи, за Национален координатор на Република Македонија при Секретаријатот за соработка на Народна Република Кина со земјите од Централна и Источна Европа (Процес 16+1).

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Министерството за култура и Министерството за локална самоуправа, во рок од десет работни дена да подготват предлози за идни проекти во Процесот 16+1 и во координација со Министерството за надворешни работи да ги усогласат.

3. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Министерството за култура и Министерството за локална самоуправа, во активностите на Процесот 16+1 да земат учество на планираните состаноци и настани на соодветно политичко или експертско ниво и за исходот од состаноците и настаните, најкасно во рок од пет работни дена, да го информираат Националниот координатор на Процесот 16+1.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи на редовна основа, најмалку еднаш годишно, да организира координативни состаноци со сите инволвирани институции од Република Македонија во Процесот 16+1, со цел координирање на севкупните активности и соработката во Процесот 16+1.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на една одлука на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Смилкова и Цуцковска против Република Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката на 14-от состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Македонија, кој ќе се одржи на 17 октомври 2017 година во Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува м-р Андрија Алексоски од Министерството за финансии за претседавач на Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали на англиски јазик, согласно точките на Дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија до 3 октомври 2017 година.

**Точка 20**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од дневен ред Предлог-одлуката за укинување на увозната давачка - царинската стапка за електрични акумулатори литиум-јонски.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата условно ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - кварцити на Друштвото за производство, трговија и услуги „Кварц Комерц“ извоз-увоз Лазар ДООЕЛ с. Кумарино, Велес на локалитетот „Грамади“, кај с. Оморани, општина Чашка, поради потребата предлагачот да обезбеди и до Владата да достави потврда за платени јавни давачки од страна на Друштвото кон Управата за јавни приходи.

**Точка 23**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Здружението за рурален развој на село Туденце, с.Туденце, Јегуновце и не ја

донесе Одлуката, имајќи го предвид новото негативно Мислење на Министерството за финансии- Управа за имотно - правни работи.

**<u>Точка 25</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Здружението за помош, изградба и обнова на цркви и манастири храм „Свети Архангел Михаил“ - Куманово и не ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Здружението за помош, изградба и обнова на цркви и манастири храм „Свети Архангел Михаил“ - Куманово, имајќи го предвид новото негативно Мислење на Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи.

**<u>Точка 26</u>**

Владата го разгледа Барањето на Ехсан Абоукхалил, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид мислењето на Министерството за финансии.

**<u>Точка 27</u>**

Владата го разгледа Предлог-законот за дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Според член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата на Република Македонија и најмалку 10.000 избирачи така што Предлогот на закон е предложен од овластен предлагач.

Од текстот и содржината на доставениот Предлог-закон за дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост до претседателот на Собранието на Република Македонија од страна на група на пратеници, произлегува дека истиот се однесува на дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“, бр. 4/05, 13/07, 165/08. 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16 и 178/16), во насока физичките лица - поранешни сопственици, кои во катастарот на недвижности се запишани како корисници на градежно неизградено земјиште, а кои во законски предвидениот рок до 15 декември 2014 година, до органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи, не поднеле барање за приватизација на градежно неизградено земјиште во државна сопственост, а воедно ја пропуштиле и можноста до Агенцијата за катастар на недвижности до 15 јуни 2016 година, да поднесат пријава за промена на правото на користење на градежно неизградено земјиште во право на сопственост по сила на закон, тоа право ќе можат да го остварат во било кое време пред Агенцијата за катастар на недвижности.

Меѓутоа, со оглед дека се работи за закон со кој биле предвидени рокови за поднесување на барања за приватизација на градежното земјиште во државна сопственост до органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи до 15 декември 2014 година, како и рокови за поднесување на пријава за промена на правото на користење на градежно неизградено земјиште во право на сопственост по сила на закон до Агенцијата за катастар на недвижности до 15 јуни 2016 година, а кои рокови се веќе истечени, како и поради многуте законски измени, Владата смета дека нецелисходно е парцијално менување на одредби од постојниот закон.

Имено, прашањата кои се однесуваат на стекнувањето на право на сопственост на градежно земјиште во државна сопственост ќе бидат предмет на посеопфатно уредување со нови законски решенија.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не го донесе Законот.

**<u>Точка 28</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од градоначалникот на општина Валандово, Николче Чурлиновски, доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво бр. 08-51/1, донесена на седницата на Советот на Општината Валандово, одржана на 3.7.2017 година и на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво бр. 08-54/3, донесена на седницата на Советот на Општина Валандово, одржана на 10.7.2017 година и притоа го утврди следното мислење:

Со Инцијативата се поведува постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво бр. 08-51/1, донесена на седницата на Советот на Општина Валандово, одржана на 3.7.2017 година и Одлуката за распишување на референдум на локално ниво бр. 08-54/3, донесена на седницата на Советот на Општина Валандово, одржана на 10.7.2017 година.

Согласно член 51 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), меѓу другото, ако градоначалникот смета дека прописот на Советот не е во согласност со Уставот и законите, должен е во рок од седум дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување, со кое ќе ги образложи причините за запирањето.

Советот е должен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението, да го разгледа и да одлучи по него.

Ако Советот го потврди прописот, градоначалникот е должен да го објави и истовремено да поднесе инцијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија.

Имајќи ги предвид цитираните законски одредби, градоначалникот на Општина Валандово, поднел Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво бр. 08-51/1, донесена на седницата на Советот на Општината Валандово, одржана на 3.7.2017 година и на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво бр. 08-54/3, донесена на седницата на Советот на Општината Валандово, одржана на 10.7.2017 година, и покрај тоа што во конкретниот случај не се работи за пропис, туку за поединечен конкретен правен акт.

Согласно наведеното, произлегува дека оспорените одлуки се конкретни акти и не содржат општи норми на однесување, односно не уредуваат воопшто односи на општ начин.

Одлуките според нивната форма спаѓаат во групата правни акти што имаат поединечен карактер, односно со кои се одлучува за поединечни правни ситуации во кои примената на некој општ пропис се исцрпува еднократно.

Според тоа, одлуките според нивната содржина не уредуваат правни односи на општ начин и нивната функција се исцрпува единствено на еден конкретен случај, распишување на референдум за конкретно прашање.

Согласно, член 11 од Деловникот на Уставен суд на Република Македонија, постапка за оценување на уставноста на закон и уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт се поведува со решение на Уставен суд по повод поднесена иницијатива, а согласно член 12, секој може да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт.

Имајќи го предвид претходно наведеното, како и цитираните одредби од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија и предлогот на подносителот за поведување на постапка за оценување на уставност на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво бр. 08-51/1, донесена на седницата на Советот на Општината Валандово, одржана 3.7.2017 година и на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво бр. 08-54/3, донесена на седницата на Советот на Општината Валандово, одржана на 10.7.2017 година не е утврдена надлежност на Уставниот суд на Република Македонија за оценување на уставност за конкретни поединечни акти.

Согласно, член 2 од Законот за референдум н други облици за непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/05 ), референдумот е облик на непосредно изјаснување на граѓаните во одлучувањето за одделни прашања од надлежност на Собранието на Република Македонија, за прашања од надлежност на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, како и за други прашања од локално значење.

Согласно, член 3 од Законот за референдум и други облици за непосредно изјаснување на граѓаните, Граѓанската иницијатива е облик на непосредно изјаснување на граѓаните во одлучувањето преку покренување на иницијативи пред Собранието на Република Македонија, пред советите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје. Граѓанска иницијатива може да се покрене за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, предлагање за донесување на закон и за распишување на референдум на државно ниво.

Граѓанска иницијатива може да се покрене и за донесување на одреден пропис на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, за решавање на одредени прашања од надлежност на советите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и распишување на референдум на локално ниво.

Согласно, членот 36 од Законот за референдум и други облици за непосредно изјаснување на граѓаните, референдум на локално ниво распишува советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, по сопствена иницијатива и на предлог од најмалку 20% од граѓаните од општината, градот Скопје и општините во градот Скопје.

Советот може да распише референдум на локално ниво за прашања од негова надлежност за кои со закон е овластен да одлучува.

Во постапките за доделување на концесии за вршење на геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини се применуваат одредбите од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16) и од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник

на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), концесија за експлоатација на минерални суровини доделува Владата на Република Македонија.

Согласно членот 4 став (1) од Законот за минерални суровини, „Минералните суровини се добра од општ интерес, сопственост на Република Македонија, без оглед на сопственоста на земјиштето на кое се наоѓаат".

Исто така, согласно одредбите од овој закон концесиите за проспекциски или детални геолошки истражувања, како и за експлоатација на минерални суровини ги доделува Владата на Република Македонија како концедент.

Министерство за економија, врз основа на одредбите од Законот за минерални суровини е орган на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

Врз основа на член 14, став 3 и 4, како и член 42, став 9 и 10 од Законот за минерални суровини, во постапка пред започнување со вршење на геолошки истражувања и во постапка пред донесување на одлука за доделување на концесија за експлоатација на метални минерални суровини, Министерството за економија по службена должност, бара мислење од органите на државната управа надлежни за вршење на работите од областа на заштита на животната средина и просторно планирање, заштитата на културното наследство, транспорт и врски, земјоделство и шумарството, води, како и од единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесено барање за доделување на концесија.

Во овој случај, одлуката дали ќе се додели концесија за геолошки истражувања или за експлоатација на метални минерални суровини на територијата на било која општина во државата е одлука на Владата на Република Македонија како концедент.
Тргнувајќи од ова, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на овие одлуки.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анита Адамчевска од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје, со Имотен лист бр. 65970 за КО Маџари на КП 1125 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за купопродажба на идеален дел од недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.68824 за КО Маџари на КП бр.2465 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 31**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Маја Гркова Караколева именуван за подрачјето на Основните судови Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино за заклучок за усна јавна продажба (врз основа на чл.167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) и по Известувањето го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 32**

1. Владата ја именува Пројка Станоеска за вршител на должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

2. Владата го разреши Александар Цуцулоски од должноста член на Управниот одбор на Државниот студентски дом „Пелагонија“ - Скопје.

2.1. Владата ја именува Сашка Петровска за вршител на должноста член на Управниот одбор на Државниот студентски дом „Пелагонија“ - Скопје.
3. Владата на Маринела Маричиќ - Тушева и утврди престанок на должноста претставник во Управниот одбор на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија, предложена од Владата на Република Македонија, на нејзино барање.

4. Владата за вршител на должноста претседател и вршители на должноста членови на Советот на Институтот за акредитација на Република Македонија, ги именува:

а) за в.д. претседател:
- Сумејје Селам

б) за в.д. членови:
на предлог на Владата
-Христина Видојевска
-Верче Миткова
-Есраљ Сулејмани

на предлог на стопанските комори
-Михајло Евросимовски и
-Дарко Велков

претставник од Организацијата на потрошувачите
- Татјана Тасевска

претставник од редот на вработените на Институтот за акредитација на Република Македонија
- Дејан Стојковски

5. Владата го отповика Дејан Арсовски од должноста член на Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

5.1. Владата го избра Александар Цуцулоски за вршител на должноста член на Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 33**

1. Министерот без ресор, задолжен за странски инвестиции д-р Аднан Ќахил ги информираше членовите на Владата за дописот од Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија во врска со постапката за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, видот и висината на субвенциите ( надлежност на Министерството за економија), доставен по повод укажувањето од Точка 3, од Извадокот од Нацрт-записникот од 22-та седница

на Владата на Република Македонија, одржана на 9.8.2017 година, за потребата од изедначувањето на критериумите за добивање на субвенции на тур - операторите и туристичките агенции.

2. Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите на Системот за управување со кризи во врска со прогласената кризна состојба на дел од територијата на Република Македонија, за периодот 5.8. - 4.9.2017 година (пожари) и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

3. Владата донесе Одлука за издавање на краткотрајна позајмица на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници Транспорт АД-Скопје, условно по добиено позитивно мислење од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 18.9.2017 година до 24.9.2017 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

5. Владата го разгледа Барањето за обезбедување на возила од Државната изборна комисија, го прифати Барањето и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во соработка со министерствата да обезбеди пет возила, на времено користење на Државната изборна комисија за реализација на активностите за престојните локални избори во 2017 година.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за прифаќање на донација од страна на САД за Армијата на Република Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 35**

Владата на предлог на д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, ја симна од Дневен ред Информацијата за разгледување на можноста за давање на трајно користење на недвижна ствар - објект на Детското одморалиште „Мајски цвет“ Струга на Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 36**

Владата во врска со надминувањето на состојбата во Друштвото Фабрика за шински возила ВЕЛЕС ДООЕЛ Велес (Колска Велес), согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги даде следните насоки:

- управителот на Друштвото Фабрика за шински возила ВЕЛЕС ДООЕЛ Велес, имотот со кој располага Друштвото да го стави во залог/хипотека на Управата за јавни приходи (да се завери на нотар), со цел Управата за јавни приходи да направи репрограм на долгот по однос на данокот (75% од вредноста на долгот од 27.000.000,00 денари).

- Друштвото Фабрика за шински возила ВЕЛЕС ДООЕЛ Велес, во соработка со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии да подготви и за наредната седница на Владата да достави соодветни акти за парично зголемување на основната главнина на Друштвото во висина

од 15.000.000,00 денари, за потребите на тековното работење на Друштвото (одлука за одобрување на средства во висина од 15.000.000,00 денари од Буџетот на Република Македонија, одлука за зголемување на основната главнина на Друштвото и одлука за изменување на Изјавата за основање на Друштвото).

**Точка 37**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за состојбата со постапките за давање согласност односно несогласност на предлог-тарифите за користење авторски музички несценски дела на Здружението за заштита на авторски музички права „ЗАМП“ - Скопје и на Здружението за заштита на авторски музички права „СОКОМ - МАП“, Скопје.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Македонија за учебната 2017/2018 година, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје” - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје” - Скопје, со оглед дека истата е надмината со точката 39 од Дневниот ред.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за именување на стратешки координатор на ИПА компонентите за регионален развој и развој на човечки ресурси во системот на децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската Унија за Република Македонија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за назначување на стратешки координатор на ИПА компонентите за регионален развој и развој на човечки ресурси во системот на децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската унија за Република Македонија, со заклучок во основот за донесување наместо зборовите „точка а), да стојат зборовите точка в) и во точка 1 од истото зборовите „во системот на децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската унија за Република Македонија“ да отпаднат, со оглед дека се повторуваат.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на спроведување на проектот „Регистар на население“ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да спроведе активности за изработка на решение за централен електронски регистар на население до јули 2018 година кој ќе ги содржи следните полиња за населението во Република Македонија: име, презиме, јазик, ЕМБГ, пол, датум на раѓање, место на раѓање (држава, општина, населено место), лични документи (листа на документи со податоци за број, вид, датум на издавање, датум на важност, статус, место на издавање), мајка (ЕМБГ), татко (ЕМБГ), адреса на живеалиште [општина, населено место, улица, број (број, влез, стан)], адреса на привремен престој [општина, населено место, улица, број (број, влез, стан)], државјанство (држава, статус, датум на почеток, датум на престанок), брачен статус, датум на брачен статус, сопруг/а (ЕМБГ), националност, смрт, датум на смрт, место на смрт (држава, општина, населено место).

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги, Државниот завод за статистика, Министерството за труд и социјална политика, а им се укажува на Дирекцијата за заштита на личните податоци и на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, најдоцна во рок од седум дена да номинираат член и заменик член во работна група за изготвување на нацрт - закон за централен електронски регистар на население и нацрт - закон за електронски услуги.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за внатрешни работи до 5.10.2017 година, да усогласат акциски план за спроведување на проектот „Регистар на население“.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги до 5.10.2017 година, да усогласат акциски план за спроведување на проектот „Регистар на население“.

5. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација и Централниот регистар на Република Македонија до 5.10.2017 година, да усогласат акциски план за спроведување на проектот „Регистар на население“.

6. Се задолжува Министерството за информатичко општство и администрација да достави информација до Владата за статусот на спроведување на Проектот и за усогласените акциски планови од точки 3, 4 и 5, најдоцна до 1.11.2017 година.

**<u>Точка 44</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од формирање на Меѓуресорска работна група за изготвување и следење на имплементацијата на Планот за реализација на препораките на групата високи експерти за системски прашања од владеење на правото во врска со следењето на комуникациите (2015) (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии-Царинска управа, Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за правда и Министерството за одбрана, во рок од пет дена, до Министерството за внатрешни работи да достават номинација на свој претставник во Меѓуресорската работна група.

2. Се задолжува Министерството за правда да им укаже на Врховниот суд на Република Македонија, Основен суд Скопје 1 Скопје, Јавното обвинителство на Република Македонија, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, а им се укажува

на Дирекцијата за заштита на лични податоци и Канцеларијата на Народниот правобранител на Република Македонија, во рок од пет дена, до Министерството за внатрешни работи да достават номинација на свој  претставник во Меѓуресорската работна група.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во рок од пет дена, да обезбеди претставници од научната и стручната јавност-експерти од областа на кривичната постапка, Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана, Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање и од Работната група за изменување на Законот за кривична постапка во Министерството за правда, кои ќе партиципираат во работата на Меѓуресорската работна група.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во рок од пет дена од добивањето на номинациите, да достави до Владата Предлог-одлука за формирање на Меѓуресорска работна група за изготвување и следење на имплементацијата на Планот за реализација на препораките на групата високи експерти за системски прашања од владеење на правото во врска со следењето на комуникациите (2015).

## Точка 45

Владата го разгледа Барањето на Наташа Цветиќанин за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 17:40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**